**СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје**

**Извештај за корпоративното управување**

| Реден број | Корпоративно управување | Опис |
|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* |
| 1 | Состав, надлежности и функционирање на надзорниот одбор | **Состав:** Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје се состои од 7 членови именувани од Собранието на акционери, од кои најмалку една четвртина се независни. Членовите имаат мандат од 4 години утврден со Статутот и можат повторно да се избираат, при што независните членови имаат ограничување од три мандати.<br>Маринис Стратопоулос, Претседател<br>Сашо Ќосев, Заменик претседател и независен член<br>Владимир Филиповски, независен член<br>Панајотис Карандреас,член<br>Георгиос Тагарис, член<br>Георгиа Толиа, член<br>Димитра Доима, член<br>**Надлежности:**<br>1. Ги одобрува деловната политика и развојниот план на СБ и го следи нивното спроведување;<br>2.Именува и разрешува членови на Управниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Одборот за именување и наградување;<br>3.Го одборува финансискиот план / Буџетот на СБ;<br>4.Ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на СБ;<br>5.Го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на надворешно друштво за ревизија, или предлогот за раскинување на договорот со надворешното друштво за ревизија и е одговоговорен за обезбедување на соодветна ревизија;<br>6.Го разгледува извештајот на надворешното друштво за ревизија и доставува мислење во писмена форма по истиот до Собранието на акционери;<br>7.Го одобрува Годишниот извештај за работењето на СБ и доставува мислење во писмена форма по истиот до Собранието на акционери на СБ;<br>8.Го организира Секторот за внатрешна ревизија, го именува и разрешува директорот на Секторот за внатрешна ревизија и го одобрува Годишниот план на Секторот за внатрешна ревизија и неговата Повелба;<br>9.Ги одобрува документите на ниво на политиката на Банката, вклучувајќи го Кодексот на етика и Кодексот на корпоративно управување и ги разгледува истите на редовна основа;<br>10.Ги разгледува извештаите за активностите на Управниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите;<br>11.Одобрува изложеност спрема поединечно лице од над 10% од сопствените средства на СБ, освен изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народна банка и Република Македонија;<br>12.Одобрува трансакции со поврзани лица со СБ во износ од над 6.000.000 денари;<br>13.Одобрува стекнување на капитални делови и купување на хартии од вредност во износ од над 5% од сопствените средства на СБ, освен купување на хартии од вредност издадени од Народна банка и Република Македонија;<br>14.Ги разгедува извештаите од супервизијата, други извештаи доставени од Народна банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености, недостатоци и слабости во работењето на СБ.<br>15. Одлучува за делумен или целосен отпис на кредитна изложеност врз основа на елаборат за извршен отпис изготвен од надлежниот сектор на Банката;<br>**Функционирање:**<br>Надзорниот одбор работи преку седници. Се состанува најмалку еднаш на три месеци. Седниците ги свикува претседателот.<br>Кворум има кога присуствуваат повеќе од половина членови (минимум 4). Одлуките се носат со апсолутно мнозинство гласови. Може да работи и преку телеконференција или писмено одлучување<br>За секоја седница се води записник кој го потпишуваат членовите. |
| 2 | Состав, надлежности и функционирање на управниот одбор | **Состав:** Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје се состои од 7 членови именувани од Надзорниот одбор. Членовите имаат мандат од 4 години утврден со Статутот и можат повторно да се избираат.<br>Хрисула Кутуди, Генерален извршен директор и претседател на УО<br>Милица Чапаровска - Јовановска, Генерален директор за банкарство на мало и член на УО<br>Евангелија Калуптси, Генерален директор за трансформација и стратегија и член на УО<br>Мирјана Трајановска, Генерален директор за финансии и член на УО<br>Илиас Пападопоулос, Генерален директор за оперативни работи и член на УО<br>Владимир Тренески, Генерален директор за корпоартивно банкарство и член на УО<br><u>Поделбата на надлежностите на членовите на Управниот одбор</u> на Стопанска банка АД – Скопје е следната:<br>1. Генерален Извршен Директор /Претседател: го следи и координира работењето на Управниот одбор, целокупното работење на Банката и организационите единици кои ги вршат следниве функции: право, наплата и управување со човечки ресурси.<br>2. Генерален директор за банкарство на мало: надлежен за целокупното работење поврзано со банкарство на мало и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на банкарство на мало.<br>3. Генерален директор за корпоративно банкарство: надлежен за целокупното работење поврзано со корпоративно банкарство и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на корпоративно банкарство.<br>4. Генерален директор за управување со ризици: надлежен за целокупното работење поврзано со управување со ризици и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на управување со ризици.<br>5. Генерален директор за финансии: надлежен за целокупното финансиско работење и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на финансии, средства и ликвидност.<br>6. Генерален директор за оперативни работи: надлежен за целокупното оперативно работење и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат оперативни процеси и инфраструктура.<br>7. Генерален директор за трансформација и стратегија: надлежен за целокупното работење поврзано со трансформација и е одговорен за активностите на сите организациони единици кои извршуваат функции на трансформација.<br>**Надлежности:**<br>1. управува со СБ;<br>2. ја застапува СБ;<br>3. ги извршува одлуките на Собранието на акционери и на Надзорниот одбор на СБ, односно се грижи за нивното спроведување;<br>4. покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на СБ;<br>5. ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности во согласност со Законот за банки и овој Статут;<br>6. изготвува деловна политика и развоен план на СБ;<br>7. изготвува финансиски план / Буџет на СБ;<br>8. изготвува политика за сигурност на информативниот систем на СБ;<br>9. изготвува годишен извештај за работењето на СБ и го доставува до Надзорниот одбор;<br>10. изготвува Кодекс на етика на СБ;<br>11. дава претходна согласност и доставува предлози за делумен или целосен отпис на побарувања до Надзорниот одбор;<br>12. донесува одлуки за продажба на побарувања и<br>Управниот одбор на СБ е одговорен за:<br>1. обезбедување услови за работење на СБ во согласност со прописите;<br>2. управување и следење на ризиците;<br>3. постигнување и одржување на адекватно ниво на сопствени средства;<br>4. функционирање на системот на внатрешни контроли во сите области на работење на СБ;<br>5. непречено работење на Секторот за внатрешна ревизија на СБ, односно осигурува дека Секторот за внатрешна ревизија има пристап до документацијата и до вработените во СБ со цел за непречено спроведување на неговите активности;<br>6. непречено работење на Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите, односно осигурува дека Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на СБ со прописите има пристап до документацијата и до вработените во СБ со цел непречено спроведување на овластувањата;<br>7. донесување и спроведување политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на лица со посебни права и одговорности, освен за Директорот на Секторот за внатрешна ревизија кој се именува и разрешува од Надзорниот одбор, членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор<br>8. водење на трговските и другите книги и деловната документација на СБ, изработка на финансиски и други извештаи во согласност со прописите за сметководство и сметководствените стандарди;<br>9. навремено и точно финансиско известување;<br>10. редовност и точност на извештаите што се доставуваат до Народната банка во согласност со закон и прописите донесени врз основа на закон и<br>11. спроведување на мерките изречени од страна на Гувернерот на Народна Банка спрема СБ;<br>12. носење на сите интерни акти на СБ, освен оние пропишани во член 40 од овој Статут што се во надлежност на Надзорниот одбор<br>**Функционирање**<br>Управниот одбор работи и одлучува на седници кои се одржуваат по потреба, но најмалку еднаш месечно. Дополнително, одлуки може да се донесуваат и помеѓу седници преку писмено изјаснување.<br>Седниците на Управниот одбор може да се одржуваат и да се донесуваат валидни одлуки доколку присуствуваат сите членови. Управниот одбор на СБ за својата работа одговара пред Надзорниот одбор на СБ.<br>Управниот одбор на СБ го известува Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално. |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Број на членства во органите на управување и надзор | |
| | (член на НО) | |
| | ... | |
| | (член на УО) | Мирјана Трајановска е претседател на Надзорен одбор на Стопанска лизинг |
| | (член на УО) | Евангелија Калуптси е член на Надзорен одбор на Стопанска лизинг |
| | (член на УО) | Милица Чапаровска - Јовановска е член на Надзорен одбор на Стопанска лизинг |
| | (член на УО) | Илиас Пападопоулос - потпретседател на Здружение на грчки компании во РСМ |
| 4 | Политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување | Постапката за именување, следење на работењето и разрешување на членовите на телата на Стопанска банка е уредена со интерните политики на Банката, ккои вклучуваат Политиката и процедурата за проценка на соодветноста, Кодексот за корпоративно управување на Банката, како и земајќи ги предвид и политиките на НБГ Групацијата и надлежностите на нејзините органи. Постапката и интерните политики се темелат на важечката регулаторна рамка, особено Законот за банките, Законот за трговски друштва, релевантните одлуки на Народната банка, како и европските насоки и меѓународните најдобри практики.<br>Клучна улога во постапката има Одборот за именување и наградување (ОИН), кој е одговорен за идентификација, оценување и предлагање кандидати за членови на управните тела. ОИН ја спроведува проценката на соодветноста на кандидатите врз основа на однапред утврдени критериуми, вклучително и професионални квалификации, искуство, интегритет и независност.<br>Во процесот на номинирање, ОИН:<br>- ги анализира потребите за составот на одборите имајќи ги предвид стратегиските цели и ризиците;<br>- го утврдува потребниот профил на кандидати;<br>- спроведува идентификација и селекција на потенцијални кандидати;<br>- врши детална проценка на нивната соодветност со поддршка на Корпоративниот секретар.<br><br>ОИН предлага кандидати до Надзорниот одбор, кој ги разгледува и доставува предлог до надлежниот орган за конечна одлука. Изборот на членови на Надзорниот одбор го врши Собранието на акционери согласно Статутот на Банката.<br>Сите именувања на членови на Управниот и Надзорниот одбор подлежат на претходно одобрување од Народната банка на Република Северна Македонија.<br>Следењето на работењето на членовите на одборите се врши континуирано преку редовни проценки на нивната индивидуална и колективна ефективност, согласно интерните политики и регулаторните барања.<br>Разрешувањето на членовите се спроведува во случаи утврдени со закон, подзаконски акти и интерните политики, особено во случаи на несоодветност, неисполнување на обврските или губење на потребните услови за вршење на функцијата. |
| 5 | Начин на обезбедување соодветност на членовите на управниот и надзорниот одбор | Банката обезбедува соодветна структура на Управниот и Надзорниот одбор преку примената на воспоставената политика за именување и проценка на соодветноста, опишана погоре. Преку овој процес се води сметка за тоа одборите да поседуваат соодветна комбинација на знаења, вештини и професионално искуство, како и разновидност во однос на родова застапеност, возраст и други релевантни аспекти.Одборот за именување и наградување при утврдување на профилот на кандидати и изборот на членови ја зема предвид потребата од балансиран состав, кој ќе овозможи ефикасно управување и донесување квалитетни одлуки, согласно регулаторните барања и најдобрите практики во корпоративното управување. |
| 6 | Одбор за управување со ризиците | Одборот за управување со ризици на СБ се состои од 9 членови како што следи:<br>1. Генерален извршен директор и Претседател на Управниот одбор на СБ, Претседател;<br>2. Генерален директор за управување со ризици на СБ и член на Управниот одбор на СБ, член;<br>3. Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор, член;<br>4. Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор, член;<br>5. Генерален директор за финансии и член на Управниот одбор, член;<br>6. Сениор директор за управување со кредитен ризик, член;<br>7. Сениор директор за корпоративно банкарство, член;<br>8. Директор на Секторот за наплата, член;<br>9. Директор на Секторот за управување со ризици, член;<br>Во 2025 година Одборот за управување со ризици одржа 52 состаноци. |
| 7 | Систем за известување | Согласно законските извештајни обврски. |
| 8 | Извештај за корпоративното управување | Стопанска Банка - Корпоративно управување |